Министерство за финансии
Биро за јавни набавки

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
Бр. 01-1371/1
04.09.2018 год.
СКОПЈЕ

ПоК
*Верзија 2*

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ
# на
# БИРОТО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА РМ

- **Бирото за јавни набавки** иницира предлози за донесување на квалитетни законски акти од областа на јавните набавки;
- **Бирото за јавни набавки** го следи и анализира спроведувањето на законот и другите прописи за јавни набавки и иницира промени за подобрување на системот на јавните набавки;
- **Бирото за јавни набавки** обезбедува совети, пружа квалитетна помош и подготвува модели на стандардна тендерска документација на договорните органи и економските оператори;
- **Бирото за јавни набавки** води единствена евиденција на договорите за јавни набавки и истата ја одржува и ажурира и ја прави достапна до јавноста преку својата веб страница;
- **Бирото за јавни набавки** прибира, ги обработува и анализира податоците за јавни набавки и подготвува статистички извештаи
- **Бирото за јавни набавки** соработува со меѓународните институции и други странски субјекти за работите поврзани со развојот на системот на јавните набавки;
- **Врвното раководство во бирото за јавни набавки** е насочено кон исполнување на барањата и континуирано подобрување на ефективноста на системот за менаџмент со квалитет во согласност со барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2015;
- **Бирото за јавни набавки** применува процесен приод кон создавањето и одржувањето на системот за менаџмент со квалитет. Во врска со тоа извршува идентификација, планирање, воведување, контрола и континуирано подобрување на сите процеси кои имаат влијание врз квалитетот на услугите на **Бирото**;
- Врвното Раководството на **Бирото** периодично извршува контрола на политиката, функционирањето на системот за менаџмент со квалитет, исполнувањето и поставувањето на нови цели за квалитет соодветно на целта и контекстот на организацијата.
- **Бирото за јавни набавки** се залага за ефикасно управување со ризиците кои се закануваат на извршувањето на неговите функции. Вработените во Бирото, деловите, средствата и способноста за давање на услуги се постојано под влијание на таквите ризици. Бирото ги препознава ризиците кои треба да ги управува, со што заканите ќе се избегнат, но можностите нема да се пропуштат.

*Скопје, 31.08.2018 год*

*Директор*
*Бардул Насуфи*